ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 055
Централа.: 02 3289-000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

**Број __________**

**30.12.2008 година**
**Скопје**

**До**
**Јавна здравствена установа**
**________________________**

**________________**

**За Директорот**

**Предмет:** Известување за новиот начин на фактурирање и доставување на податоци со примена на ДРГ системот како нов начин на пресметување на услугите во болничката здрабвствена заштита

Се известуваат сите здравствени установи кои вршат болничка здравствена заштита дека почнувајќи од 01.01.2009 година ќе стапи во сила новиот начин на фактурирање и доставување на податоци со примена на ДРГ системот.

Со примената на ДРГ системот целокупната медицинска документација останува во здравствената установа, а доказ за извршената болничка здравствена услуга ќе биде спецификацијата во која што ќе се содржат направените ДРГ услуги по лица , висината на ДРГ услугата , пресметаната односно наплатената партиципација. Како финасиски документ на оваа спецификација следи и фактура еднаш месечно до надлежната подрачна служба на ФЗОМ во која се специфицирани сите извршени ДРГ услуги тој месец по ДРГ шифра, број на извршени ДРГ, цена на извршената ДРГ услуга, вкупен износ на ДРГ услугата, износ на наплатената партиципа ција и вкупен износ за наплата од страна на ФЗОМ.
До Подрачната служба на Фондот каде што е седиштето на здравствената установа , заедно со фактурата и спецификацијата во прилог се доставува упат и потврда за платен придонес за секое осигурено лице.
Ве информираме дека сите потребни обрасци и документи кои ќе бидат во употреба во новиот начин на пресметка и достава на документите можете да ги најдете на ЊЕБ страната на ФЗОМ.

Скопје
30.12.2008

Пом.директор за финансии
Ромела Поповиќ